РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

Архивски знак: ______
Рок на чување: ______ год.
05-05-2016 20 година
Потпис.

01.10.00.УП.001.03-ОБ.05.03

Врз основа на член 142 став 6 и член 162 став 1 од Законот за јавните набавки („Службен весник на РМ", број 27/15, 78/15, 192/15 и 27/16)), член 49 став 2 и член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на РМ", број 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), директорот на Царинска управа на Република Македонија донесе:

# ОДЛУКА
## за избор на најповолен понудувач

Врз основа на извештајот од Комисијата за јавни набавки број 05-001825/16 -0025 од 22.04.2016 година, донесен по спроведена постапка со барање за прибирање понуди со објавување на оглас број 07/2016, во хартиена форма со користење електронска аукција, за доделување на договор за **Набавка на услуга за изработка на геодетски елаборати**, како најповолен понудувач СЕ ИЗБИРА:

**Друштво за геодетски работи, проектирање, инженеринг и консалтинг ГЕО КАЕВСКИ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје**

Правата и обрските меѓу набавувачот и понудувачот во врска со предметната јавна набавка ќе се уредат со посебен договор, склучен согласно член 208 од Законот за јавните набавки.

**Образложение**

Врз основа на член 28 од Законот за јавни набавки Директорот на Царинската управа на Република Македонија донесе Одлука број 05-001825/16-0003 од 29.02.2016 година, и Одлука за измена и дополна на Одлука за јавна набавка број 05-001825/16-0008 од 01.04.2016 година, за јавна набавка за изработка на геодетски елаборати.

Износот на средствата од 600.000,00 денари, вклучувајќи ги и трошоците за даноци и други јавни давачки, се планирани и обезбедени со буџетот на Царинска управа 2016, 2017 и 2018 година, и тоа :

- средства во износ од 200.000,00 денари се обезбедени со буџетот на Царинска управа за 2016 година, раздел 09003, сметка 637, програма 20, ставка 481 и /или сметка 637, програма 22, ставка 481,
- средства во износ од 200.000,00 денари ќе бидат планирани со буџетот на Царинска управа за 2017 година, раздел 09003, сметка 637 , програма 20, ставка 481,
- средства во износ од 200.000,00 денари ќе бидат планирани со буџетот на Царинска управа за 2018 година, раздел 09003, сметка 637, програма 20, ставка 481.

Согласно член 37 и член 121 од Законот за јавни набавки, набавката се спроведе со со барање за прибирање понуди со објавување на оглас број 07/2016, во хартиена форма со користење електронска аукција.
По целосна проверка на документацијата, а согласно утврдените критериуми за избор на најповолен понудувач, Комисијата за јавни набавки изготви и до Директорот достави Извештај од спроведена постапка број 05-001825/16 -0025 од 22.04.2016 година, со кој предлага како најповолен понудувач по предметната постапка да го избере понудувачот **Друштво за геодетски работи, проектирање, инженеринг и консалтинг ГЕО КАЕВСКИ ДООЕЛ** експорт-импорт Скопје
Имајќи го во предвид горенаведеното, а по оцена на сите факти и докази приложени кон списите на предметот, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Упатство за правно средство**
Согласно член 200, член 207, член 214 и член 216 став 2 од Законот за јавни набавки, економскиот оператор има право да поднесе Жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки. Жалбата се поднесува лично или по препорачана пошта истовремено до договорниот орган и до Државната комисија, во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на одлуката со која се одлучува за поединечно право од постапката за доделување на договор за јавна набавка.

Директор,
Наташа [illegible]еска-Крстевска

Бр. 05-001825/16-0026
Скопје, 05-05-2016

Доставено во оригинал до:

- Председател на Комисија за јавни набавки
- Архива

Доставено преку ЕДМС до:
- Комисија за јавни набавки
- Одделение за јавни набавки

Изработил: Горан Кузевски
Одобрил: Весна Змајшек
Согласен: Јово Цутески